**ЗАПИСНИК**
**од 03 - та седница на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 30.01.2015 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, Претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, Заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Методија Јанчески, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата присуствуваше д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, м-р Тања Пачоска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, Илија Витков.

**Други присутни:** Елена Костовска од ЦРМ.

Г-дин Петрушевски ја отвори 03-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски објасни дека во точките од 2 до 6, предложените измени во правилниците се заради усогласување со Правилникот за внатрешна организација и работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-577/1 од 23.01.2015 година, со Прилог бр.1 Органограм на Агенцијата и Правилникот за систематизацијата на работните места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-578/1 од 23.01.2015 година, со Прилог бр.1 – Табеларен преглед на работните места и звања, со кои се утврди нова организациона структура на стручната служба на Агенцијата. Објасни дека се работи за технички усогласувања на термините.

Во однос на Дневниот ред, г-дин Фиданоски, предложи под Точката Разно, со оглед на тоа што во последните 24 часа е најинтересна информација и тема, а претпоставува дека Агенцијата е предмет на негативни критики меѓу луѓето, да се замоли г-дин Трајчевски да даде информација што се случува со исклучените канали, односно дали може да се добијат подетални информации на таа тема?

Г-дин Петрушевски, се согласи и го прифати предлогот, за што рече дека предлогот станува составен дел од предложениот Дневен ред за 03-та седница, под Точка Разно, каде ќе се дискутира по барањето на г-дин Фиданоски.

Други предлози за измена и дополнување на дневниот ред не беа предложени. Советот на Агенцијата, со предлогот за Точка Разно од г-дин Фиданоски, едногласно, со 7 гласа „за“, го усвои следниот:

## Д н е в е н   р е д

1. Усвојување на Записникот од 02-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.01.2015 година.
2. Предлог за изменување на Програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015 година (со Предлог за изменување на

Програмата на планирани активности и Предлог за изменување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015 година).

3. Предлог-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за користење на службени мобилни телефони и 3Г УСБ модем во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
4. Предлог-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за месечниот надоместок и другите трошоци на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-3802/1 од 17.07.2014 година и бр.01-4886/1 од 07.10.2014 година.
5. Предлог-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за користење на средства за репрезентација бр.01-3636/1 од 08.07.2014 година.
6. Предлог-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот за користење, управување и одржување на службените моторни возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-3635/1 од 08.07.2014 година.
7. Нацрт – Правилник за начинот на водење на дневната евиденција и за квалитетот на снимките од емитуваната програма на радиодифузерите.
8. Нацрт – Правилник за спонзорство.
9. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа Записникот од 02-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.01.2015 година.

Г-дин Фиданоски, рече дека има материјална забелешка за која верува дека е ненамерна. Имено при гласањето на Дневниот ред, забележано е дека тој е усвоен „едногласно со пет гласа за и еден воздржан..“ Објасни дека во тој случај не може да усвојувањето биде едногласно и треба да се избрише зборот „едногласно“. Исто така рече дека принципиелно останува на ставот колку што може повеќе да се внимава на граматиката и јазикот при составувањето на речениците. Содржински е задоволен на тоа како е тој лично пренесен.

Советот на Агенцијата, со забелешката од г-дин Фиданоски, едногласно, со 7 гласа „за“, го усвои Записникот од 02-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.01.2015 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата – Шеф на кабинет, м-р Драгица Љубевска, ги објасни промените во Предлогот за изменување на Програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015 година (со Предлог за изменување на Програмата на планирани активности и Предлог за изменување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015 година).

Г-дин Трајчевски, објасни дека сумите во Финансискиот план не се менуваат на ниедно место во табелите, освен што се усогласени новите називи на Секторите.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-747/1 од 29.01.2015 година и едногласно донесе Одлука со која

се одобри изменување на Програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015 година (Програма на планирани активности и Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015 година) бр.02-6491/1 од 24.12.2014 година, и тоа:

- во Табелата „Носители на активности и временска рамка од Програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015 година" и
- во Табелата „Планирани приходи и расходи на Агенцијата за 2015 година групирани по организациона структура", од Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015 година (изменет со Одлука бр.02-6587/1 од 27.12.2014 година).

Измените на горенаведената Програма за работа на Агенцијата за 2015 година, се направени заради усогласување со Правилникот за внатрешна организација и работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-577/1 од 23.01.2015 година, со Прилог бр.1 Органограм на Агенцијата и Правилникот за систематизацијата на работните места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-578/1 од 23.01.2015 година, со Прилог бр.1 – Табеларен преглед на работните места и звања, со кои се утврди нова организациона структура на стручната служба на Агенцијата.

Со донесувањето на горенаведената одлука престанува да важи Одлуката бр. 02-6490/1 од 24.12.2014 година, со која се одобрува Програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр. 02-6491/1 од 24.12.2014 година.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената Програма и Одлука, да ги објави на веб страната на Агенцијата.

**Точка 3**

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-724/1 од 28.01.2015 година и едногласно донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за користење на службени мобилни телефони и 3Г УСБ модем во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-3637/1 од 08.07.2014 година, со текст како што беше предложен.

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за користење на службени мобилни телефони и 3Г УСБ модем во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-3637/1 од 08.07.2014 година, влегува во сила на денот на неговото донесување, а ќе се применува од 01.02.2015 година.

Измените на горенаведениот Правилник, се направени заради усогласување со Правилникот за внатрешна организација и работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-577/1 од 23.01.2015 година, со Прилог бр.1 Органограм на Агенцијата и Правилникот за систематизацијата на работните места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-578/1 од 23.01.2015 година, со Прилог бр.1 – Табеларен преглед на работните места и звања, со кои се утврди нова организациона структура на стручната служба на Агенцијата.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи да изработи пречистен текст на горенаведениот подзаконски акт.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот подзаконски акт, да го објави на веб страната на Агенцијата.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да го објави на огласната табла на Агенцијата.

**Точка 4**

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-727/1 од 28.01.2015 година и едногласно донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за месечниот надоместок и другите трошоци на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што е предложен.

Измените на горенаведениот Правилник, се направени заради усогласување со Правилникот за внатрешна организација и работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-577/1 од 23.01.2015 година, со Прилог бр.1 Органограм на Агенцијата и Правилникот за систематизацијата на работните места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-578/1 од 23.01.2015 година, со Прилог бр.1 – Табеларен преглед на работните места и звања, со кои се утврди нова организациона структура на стручната служба на Агенцијата.

Се задолжува Секторот за правни и економско-финансиски работи да изработи пречистен текст на горенведениот подзаконски акт.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот подзаконски акт, да го објави на веб страната на Агенцијата.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да го објави на огласната табла на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Фиданоски, постави прашање во врска со Предлог-Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за користење на средства за репрезентација бр.01-3636/1 од 08.07.2014 година. Имено, рече, во материјалите е предложено да се избрише член 14 кој гласи: Изменувањето и дополнувањето на овој правилник се врши во писмена форма“. Во таа насока праша што би значело тоа, односно како ќе се врши изменувањето?

Г-дин Трајчевски објасни дека измените се прават исклучиво во писмена форма, така да повеќе во ниеден правилник не се става таков член, бидејќи истото се подразбира.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-725/1 од 28.01.2015 година и едногласно донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за користење на средства за репрезентација бр.01-3636/1 од 08.07.2014 година, со текст како што е предложен.

Измените на горенаведениот Правилник, се направени заради усогласување со Правилникот за внатрешна организација и работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-577/1 од 23.01.2015 година, со Прилог бр.1 Органограм на Агенцијата и Правилникот за систематизацијата на работните места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-578/1 од 23.01.2015 година, со Прилог бр.1 – Табеларен преглед на работните места и звања, со кои се утврди нова организациона структура на стручната служба на Агенцијата.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи да изработи пречистен текст на горенведениот подзаконски акт.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот подзаконски акт, да го објави на веб страната на Агенцијата.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да го објави на огласната табла на Агенцијата.

**Точка 6**

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-737/1 од 29.01.2015 година и едногласно донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот за користење, управување и одржување на службените моторни возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-3635/1 од 08.07.2014 година, со текст како што е предложен.

Измените на горенаведениот Правилник, се направени заради усогласување со Правилникот за внатрешна организација и работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-577/1 од 23.01.2015 година, со Прилог бр.1 Органограм на Агенцијата и Правилникот за систематизацијата на работните места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-578/1 од 23.01.2015 година, со Прилог бр.1 – Табеларен преглед на работните места и звања, со кои се утврди нова организациона структура на стручната служба на Агенцијата.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи да изработи пречистен текст на горенаведениот подзаконски акт.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот подзаконски акт, да го објави на веб страната на Агенцијата.

Се задолжува Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да го објави на огласната табла на Агенцијата.

**Точка 7**

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-726/1 од 28.01.2015 година и едногласно донесе Нацрт – Правилник за начинот на водење на дневната евиденција и за квалитетот на снимките од емитуваната програма на радиодифузерите, со текст како што е предложен.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот подзаконски акт, да го објави на веб страницата на Агенцијата, по што ќе биде отворена јавна расправа.

**Точка 8**

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-728/1 од 28.01.2015 година и едногласно донесе Нацрт – Правилник за спонзорство, со текст како што е предложен.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот подзаконски акт, да го објави на веб страницата на Агенцијата, по што ќе биде отворена јавна расправа.

**Точка 9**

Разно

- Г-дин Петрушевски, најави дека под Точката Разно ќе се дискутира по предлогот на г-дин Фиданоски. Информира дека во врска со спортските канали и каналите на FOX продукцијата во јавноста има големи реакции, посебно на интернет порталите кои први реагирале, потоа и пристигната електронска пошта до Агенцијата од граѓани кои биле загрижени од неможноста да гледаат дел од спортските канали и FOX каналите. Во таа насока го повика г-дин Трајчевски да даде подетално објаснување.

Г-дин Трајчевски, објасни дека се работи за специфична ситуација, за која ќе мора подетално да ја образложи состојбата. Потсети дека новиот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги стапи на сила на 03.01.2014 година, но почна да се операционализира од моментот кога Советот на Агенцијата ги донесе подзаконските акти. Со ЗААВМУ е изменета и дефиницијата за реемитување. По стариот закон Закон за радиодифузна дејност, реемитување можеше да има на одредени содржини од програмата, така да не мораше да се емитува целата програмска содржина. Со ЗААВМУ кој е усогласен со Директивата на ЕУ, точно е дефинирано што значи реемитување, односно дека не може да има никакви измени на програмскиот сервис, така да програмските содржини и рекламите мора да се реемитуваат онака како што се емитуваат во државата од каде е регистриран програмскиот сервис. Потсети дека Советот на Агенцијата во август 2014 година, ја задолжил Агенцијата и Директорот да направат една анализа токму на оваа тема и во меѓувреме направени се и повеќе надзори, поточно во декември 2014 година. На 5 јануари 2015 година, бугарскиот Совет за радиодифузија, ја известил Агенцијата дека издал 7 дозволи за територијата на Република Македонија за емитување, што е преседан, друга држава да издава дозвола за емитување за територијата на Република Македонија. Според Директивата на ЕУ, може да се издава дозвола, меѓутоа само земја членка на ЕУ, на земја членка на ЕУ, а не како во случајот, земја членка на ЕУ издава дозвола на земја која не е членка на ЕУ, и обратно како што не може Република Македонија да издаде дозвола за емитување за територија на земја членка на ЕУ. Во официјалниот допис, бугарското регулаторно тело, ја информира Агенцијата дека издала дозвола за 24 Kitchen, FOX, Fox Movies, Fox Crime, Fox Live и National Geographic за територија на Република Македонија. Агенцијата со допис ги известила дека согласно ЗААВМУ, член 69 став 3, единствено Советот на Агенцијата може да издаде дозволи за емитување на Република Македонија. Бидејќи има добиено официјален допис од Република Бугарија, Агенцијата е и официјално запознаена дека наведените канали во Република Македонија се емитуваат а не реемитуваат. Во таа насока, Агенцијата беше должна да направи вонреден надзор врз кабелските оператори и е констатирано дека тие канали се емитуваат врз основа на тој документ што го издала бугарското регулаторно тело. За оваа ситуација се известени кабелските оператори уште пред започнувањето на 2015 година. Истата ситуација се однесува и за Sport Klub, со тоа што за Sport Klub дозволата за територија на Република Македонија е од романското регулаторно тело. Г-дин Трајчевски објасни дека им бил даден рок на кабелските оператори во текот на месец Јануари 2015 година, да обезбедат сигнал кој што се емитува во некоја од земјите членки на ЕУ. Кога се зборува конкретно за Fox каналите и National Geographic бидејќи станува збор за иста групација, рече дека без проблем во Република Македонија може да се реемитуваат програмските сервиси на Fox, што се емитуваат на територија на Хрватска или Словенија. Информира дека во текот на вчерашниот ден, до Агенцијата е доставено барање за регистрација од страна на операторот Blizoo со

лиценца за програма која се емитува на територија на Република Словенија и денеска тоа ќе се одобри. Потенцира дека не станува збор за забрана за реемитување на каналите во Република Македонија, но мора да се почитуваат законите кои се во сила во Република Македонија а се исти со законите кои владеат во останатите земји членки на ЕУ. Во врска со Sport Klub, рече дека има и нови информации. Утрото разговарал со имателот на правата за Sport Klub за Балканот, кој е од Белград, му ја доставиле по електронска пошта лиценцата за Sport Klub, така да тој Sport Klub што се реемитува во Република Македонија со романска лиценца не постои, односно таква телевизија во Романија не постои. Дозволата за Sport Klub е од ноември 2014 година добиена во Луксембург. Тоа значи дека е нова ситуација која се случува денес. Г-дин Трајчевски рече, дали критиките од јавноста се позитивни или негативни е помалку битно, затоа што Агенцијата мора да го спроведува Законот. И таа лиценца не е што операторите ја пријавуваат кај нас и треба да доставаат сигнал кој се емитува во земјите членки на ЕУ со соодветна лиценца. Исто така рече дека нема никакви исклучувања бидејќи е само направен извештај од извршен надзор. За да се исклучи еден канал Агенцијата треба да донесе Решение, да го испрати до операторите, и да даде рок операторот да го усогласи своето работење согласно законот. Така да не станува збор дека некакви канали се исклучени, само е констатирана состојба од страна на Секторот за авторските права, кој констатирал дека од 49 оператори во Република Македонија, 35 оператори, наведените канали не ги реемитуваат согласно ЗААВМУ.

Г-дин Фиданоски, рече дека себе не се смета за експерт за етер, емитување на сигнали и сл., но секојдневно се труди да ги запознае работите што е можно повеќе. Постави прашање во врска со тоа дали FOX што е регистриран во Хрватска и Словенија, значи дека во Хрватска и Словенија е регистриран како што е изворно во англиското говорно подрачје и затоа со таква лиценца може нашите оператори да ја пренесат и граѓаните кои се нивните претплатници да ја гледаат?

Г-дин Трајчевски одговори дека земјите членки на ЕУ како критериум имаат заедничка јурисдикција. Било која земја членка на ЕУ, може да издаде дозвола за емитување за било кој друга земја членка на ЕУ, со тоа што мора да се почитува законот кој што владее во таа земја за кој се издава дозволата, како Закон за заштита на малолетната публика, времетраење на реклами, говор на омраза и сите останати дефинирани елементи. На пример, Бугарија може да издаде дозвола за емитување на програмски сервис на територија на Словенија, почитувајќи ги законите на територија Словенија. На пример, дозволата која е издадена од бугарското регулаторно тело, каде е наведена и територијата на Република Македонија, е издадена на 16.10.2012 година. Во неа е наведена и територијата на Словенија и Хрватска. Во тој момент Хрватска не била земја членка на ЕУ и тие не можеле да издадат за Хрватска. За Словенија можеле, но прашање е дали можеле да ја стават во оваа група во земји кои не се членки на ЕУ. Не знае од кои причини Словенското регулаторно тело не ја прифатила оваа дозвола. Веќе во март 2013 година, бугарското регулаторно тело издава нова дозвола само за Словенија. Правно би требало дозволата од 16.10.2012 година да ја повлечат или да ја сменат и да ја тргнат Словенија од оваа дозвола бидејќи Словенија има нова дозвола. Зошто тоа не е направено, тоа си е работа на бугарското регулаторно тело. Онаа верзија која оди во Словенија согласно лиценцата од март 2013 година, може да се реемитува и во Република Македонија, целосно иста. Според регистрацијата што ја достави Blizoo, во Словенија оди на англиски јазик. Одлука е на операторот дали ќе земе програма што се емитува во Словенија, во Шпанија, во Данска или на пример во Чешка. Тоа е одлука на операторите, каде Агенцијата не навлегува.

Г-дин Фиданоски праша дали тоа значи дека FOX што се емитува во Република Бугарија, не се реемитува целосно во Република Македонија?

Г-дин Трајчевски одговори дека регулаторот во Бугарија има издадено две дозволи за FOX. Една само за Република Бугарија, која ги почитува нејзините закони, каде програмата оди на англиски јазик, филмовите се синхронизираат на бугарски јазик и рекламите одат на бугарски јазик. Македонските оператори ако сакаат можат да ја реемитуваат и таа со синхронизација на бугарски или да ја тргнат синхронизацијата и со реклами на бугарски јазик. Тоа е едната опција. Но бугарското регулаторно тело не може да издаде дозвола за емитување за територија на Република Македонија, затоа што дозвола за емитување за територија на Република Македонија, дава Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точно е прецизирана постапката за давање дозвола со конкурс и постапка без јавен конкурс. FOX е американска компанија, операторите можат да го емитуваат и сигналот од Америка, тоа е нивен избор и одлука. На пример National Geographic Wild што ја реемитуваат нашите оператори, е програма која е регистрирана и се емитува во Шпанија. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги регистрира реемитување на програма која некаде се емитува. Значи сето она што го пуштале кабелските оператори, FOX, National Geographic, 24 Kitchen, Sport Klub, не било реемитување, туку било емитување.

Г-дин Фиданоски, констатира дека сега нашите кабелски оператори треба да се обратат до имателите на правата за реемитување во Република Македонија. Го праша г-дин Трајчевски дали има сознанија кога тоа најбргу може да случи, бидејќи гледачите ги интересира, кога најбрзо може повторно да се гледаат тие канали?

Г-дин Трајчевски, одговори дека се уште не се исклучени наведените канали, бидејќи се уште не им е доставено решението. Од кога ќе им се достави, ќе бидат опоменати и ќе им биде наложено да го исклучат програмскиот сервис. На 17 декември 2014 година, имал средба со адвокатот на FOX, National Geographic каналите во Скопје, италијанска адвокатка и директорот за Балкан кои имаат ангажирано адвокатска канцеларија Ѓорѓи Димитров од Македонија. Имал состанок со нив, каде им било укажано на законот што е во сила во Република Македонија. На состанокот било заеднички констатирано дека нивното реемитување во изминатите години било емитување и дека тоа е спротивно на Законите кои што важат на територија на Република Македонија. Од негова страна било усмено побарано во најкус можен рок да го усогласат своето работење да не се дојде до ситуација да се исклучат овие канали. За да не биде само усмено и писмено се обратил и до адвокатот на FOX за Европа, до директорот за Балкан, и до нивниот адвокат во Скопје, во кое што укажал дека согласно водениот разговор очекува, веднаш да ја известат Агенцијата дека ќе ги преземат сите активности и во најкус можен рок ќе го усогласат своето работење согласно Законите во Република Македонија. Дописот е пратен на 23-ти, шест дена по состанокот, бидејќи претходно не е добиен никаков допис. Неколку дена подоцна, адвокатската канцеларија од Скопје, известила дека „со овој допис потврдуваме дека нашиот клиент презема дејствија за разрешување на настанатата ситуација, согласно со она што беше договорено на состанокот, на начин што ќе обезбеди докази дека каналите кои се емитуваат во Република Македонија веќе се емитуваат во држави членки на ЕУ на пример Словенија, а во согласност со лиценцата за емитување издадена од властите на друга држава членка на ЕУ на пример Бугарија. Овие документи, заедно со соодветните анекси на договорите склучени со операторите ќе бидат доставени до Агенцијата преку операторите, по што очекуваме во најкус можен рок да го продолжите реемитувањето на каналите“. Г-дин Трајчевски информира дека освен овие канали, се исцрпува листата на канали кои биле проблематични. Има уште три, за кои Агенцијата

се обратила до земјите каде се издадени дозволите, каналите AXN, Universal и TV 1000. Рекламите, рече, се издвојуваат на почетокот и крајот со посебен аудио запис и меѓу него се емитуваат рекламите. Во сабота забележал дека без никаква најава за реклами се емитува реклама од 20 секунди за болница од Ниш. Во Агенцијата тоа е снимено и снимката е пратена до регулаторното тело на OFCOM, дали е дозволено реклами на српски јазик. Исто е и за AXN, дозволата е од OFCOM, а се појавуваат српски и македонски реклами. На TV 1000 и до нив е пратено допис. Кога ќе достават одговор ќе се има релевантни податоци пред да се донесе било каква одлука. Тие се експедитивни и за кус временски период ќе достават информации за овие канали.

Г-дин Фетаи, рече дека му е драго што се прифати да се разговара за нешто што е актуелно, за тоа што г-дин Фиданоски го потегнал, бидејќи медиумите и цела Македонија е заинтересирана. Праша како е направен мониторингот?

Г-дин Трајчевски одговори дека мониторингот на сите оператори е направен врз база на доставена документација од странско регулаторно тело.

Г-дин Фетаи, рече дека се работи за два поими, за емитување и реемитување, каде помеѓу нив се прави дистинкција, и запраша по која основа се прави разликата? Дали тоа значи дека телевизиите и радијата емитуваат програма а операторите реемитуваат? Дали реемитувањето би значело дека кабелските оператори реемитуваат нечија програма во нивните програмски пакети?

Г-дин Трајчевски одговори дека кабелските оператори во Република Македонија реемитуваат и емитуваат програма, во смисла на кабелските телевизии, односно локалните кои имаат дозвола само преку кабел, нив ги емитуваат, бидејќи основно средство на тие телевизии е кабел. Додека во однос на странските и домашните кои одат преку ОНЕ, сите ги реемитуваат. На пример FOX, со дозволата издадена од Бугарија, таа никаде не се емитува па да се реемитува, таа директно се емитува кај нас.

Г-дин Фетаи рече дека веројатно некаде од Република Македонија се емитува противзаконски. Во таа насока рече дека ја поздравува покренатата иницијатива. Исто така праша дали FOX и имателите на правата се информирани за ова што се случува, дека од Бугарија нивната програма модифицирана се емитува во Македонија?

Г-дин Трајчевски, одговори дека при последниот разговор што го имал со нивниот адвокат, и директорката за Балкан никаде не сретнал американски државјанин, секаде биле луѓе од Европа. Во понеделникот имал средба со политичкиот советник на американскиот амбасадор и го информирал дека брендот на една американска фирма се „злоупотребува“ во Република Македонија. Тој одговорил дека ќе го извести амбасадорот и очекува овие денови дека ќе оствари средба за да им се објасни и ако треба тие да преземат мерки заради заштита на угледот на американската компанија, затоа што можеби и не знаат што се случува.

Г-дин Трајчев, рече бидејќи во јавноста има многу негативни критики и јавноста не знае кои се причините, кои се основите, кои се штетите кои се прават со тоа, праша дали Агенцијата може да излезе со некакво објаснување. Сега, рече, негативно се гледа на овие работи кои во основа ќе направат позитивни промени.

Г-дин Трајчевски одговори дека со одреден број на новинари се слушнал, но кај дел од нив не постои желба за објаснување, имале претходно напишани текстови, но се јавиле само за да имаат втора страна, ниту пак не разбрале што треба да прашаат. Но по седницата, во 14 и 30 часот, потврдиле дека ќе дојдат ТВ Сител и ТВ Канал 5, и ги замолил да се договорат со сите национални телевизии за да заедно дојдат на прес. Но официјално соопштение Агенцијата не може да даде, бидејќи се уште не се изречени мерки.

Г-дин Фиданоски рече дека го поздравува тоа што Директорот на Агенцијата ќе има официјална изјава по ова прашање, бидејќи е актуелно, за да не застрани во јавноста а ќе држи според него тензија, односно интерес во јавноста. Да не се добие политичка конотација, бидејќи во одредени информации се добива. Го поздравува чекорот, и апелира, да сите следни чекори бидат максимално транспарентни за да може да имаат луѓето, односно медиумите и граѓаните вистински информации што и како се случува по ова прашање.

**Бр. 02-710/9**
**04.02.2015 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ с.р.**